Deloitte.

Deloitte doo
Mit. Teodosij Gologanov
28
1000 Skopje
Macedonia

Tel: +389 (0)2 3111 300
Fax: +389 (0)2 3119 544
www.deloitte.com/mk

Врз основа на член 35 од Законот за ревизија на Република Македонија (Службен весник на РМ, број 158 од 09.12.2010), друштвото за ревизиски, консалтинг и даночни услуги Дилоит ДОО Скопје, на ден 31.03.2014 година го објавува следниот:

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ ЗА 2013 ГОДИНА

**а) Опис на правната структура и сопственост на друштвото за ревизија;**

Друштвото Дилоит ДОО Скопје е основано и постои согласно законите на Република Македонија како друштво со ограничена одговорност, со седиште во Скопје, на адреса Митрополит Теодосиј Гологанов бр.28, запишано во Трговскиот регистар на Република Македонија под ЕМБС 4881427 и регистрирано за извршување ревизиски, консалтинг и даночни услуги. Основачи на друштвото се Deloitte Central Europe Holdings Limited, со седиште во Никозија, Република Кипар со 24%, Deloitte ДОО Белград со 25%, Лидија Нануш – овластен ревизор со 30% и Александар Аризанов- овластен ревизор со 21% сопственост. Друштвото поседува лиценца за работа за вршење на работи на ревизија на друштво за ревизија издадена од Советот за унапредување и надзор на ревизијата (Регистарски бр. на лиценца 09, број 07-318/1 од 02.07.2013 година).

**б) Опис на професионалната мрежа и правните структурни аранжмани во мрежата каде што припаѓа *Deloitte Touche Tohmatsu Глобал***

Deloitte Touche Tohmatsu, како една од четирите светски фирми во обезбедување професионални услуги, ја има прифатено одговорноста да биде лидер во обезбедувањето услуги од областа на ревизијата, даночно правни, проценителски и финансико советодавни услуги, услуги за управување со ризикот на компанијата, корпоративно управување, како и услуги за други деловни активности. Вработените во Deloitte Touche Tohmatsu се насочени кон примена на највисоките стандарди на професионално однесување - независност, етика, интегритет и квалитет, со што се стремат да го одржуваат развојот и репутацијата на компанијата, пружајќи квалитет во работењето на клиентите и воопшто во опкружувањето во кое работат. Распространети во повеќе од 150 земји со вкупен број вработени од над 182 илјади, Deloitte Touche Tohmatsu остварува годишен приход од над 36,6 милијарди долари. *Deloitte Central Europe* Deloitte Central Europe која е член на Deloitte Touche Tohmatsu, функционира како една компанија која им дава услуги на своите клиенти со 3,500 вработени професионалци во следните држави: Албанија, Бугарија, Хрватска, Чешка Република, Естонија, Унгарија, Латвија, Литванија, Македонија, Црна Гора, Полска, Република Српска, Романија, Србија, Босна и Херцеговина, Косово, Словачка и Словенија.

The company was registered at the Central Register of the Republic of Macedonia, Regional Registration Office Skopje: MBS 4881427;
Bank: Komercijalna banka Skopje A.D., Kej Dimitar Vlahov no.4, 1000 Skopje, bank account no. 300-0000000910-22; Foreign Currency Account: 0270100091345 SWIFT Code: KOBSMK2X IBAN: MK 07 300 701 000913416

Deloitte refers to one or more of Deloitte Touche Tohmatsu, a Swiss Verein, and its network of member firms, each of which is a legally separate and independent entity. Please see http://www.deloitte.com/mk for a detailed description of the legal structure of Deloitte Touche Tohmatsu and its member firms.

Member of Deloitte Touche Tohmatsu

Дилоит ДОО Скопје е професионално овластена и квалификувана ревизорска компанија која во Македонија постои од 1994 година. Од тогаш па до денес, прерасна во компанија со 20 вработени професионалци кои обезбедуваат услуги од областа на ревизијата, управување со ризик, даночни, финансиско советодавни и услуги за други деловни активности. Како дел од групацијата *Deloitte Central Europe,* канцеларијата во Скопје има можност да ги користи расположивите човечки и know-how ресурси од сите земји во регионот, и на тој начин обезбедува максимален ефект од знаењето со кое располагаме регионално и глобално.

**в) Опис на управувачката структура на друштвото за ревизија;**

Со друштвото Дилоит ДОО Скопје управуваат двајца управители.

**г) Опис на внатрешниот систем на контрола на квалитет на друштвото за ревизија и изјава од овластениот надлежен орган на друштвото за ревизија за ефективноста на функционирањето на овој систем;**

**Овластениот управител изјавува дека:**

Дилоит ДОО Скопје работи според глобално усвоената методологија за работа. Глобалната ревизорска методологија (AS2) овозможува ефективна и ефикасна испорака на високо квалитетни услуги на клиентите низ целиот свет. Обезбедува рамка за примена на конзистентен мисловен процес за сите ревизии. Методологијата подразбира давање на ревизорски услуги со тимска работа, што вклучува навремено ангажирање на одговорните лица низ целиот тек на ревизијата и овозможува алтернатини решенија зависно од состојбите на клиентот, професионалната оценка и ревизорскиот тим. Секоја година, назначени професионалци од Deloitte Central Europe посетуваат различни канцеларии за да направат интерна контрола на направените ревизии. Ова ни дава сигурност дека работите ги извршуваме во согласност со интерните политики и процедури. Истовремено и тие подлежат на постојан мониторинг се со цел да се обезбеди највисоко ниво на професионалност во секое време. Дилоит ДОО Скопје изјавува дека применетиот систем на интерна контрола претставува ефикасен и ефективен систем на контрола кој во целост ги задоволува меѓународните и домашните стандарди за контрола на квалитет.

**д) Датумот кога е извршена последната проверка за уверување во квалитетот на ревизорот согласно со членот 20 од овој закон;**

Последната контрола на квалитет согласно член 20 од Законот за ревизија е извршена во мај-јуни 2013 година.

**ѓ) Список на субјекти на кои е извршена ревизија во текот на претходната година:**

АрцелорМитал, ЕМК Мали Хидроелектрани, ЦКБ Банка, Еконет, МА Гаминг, ХТЛ Македонија, Дајнерс Клуб Мак, Фруктал Мак, Алкалоид AD, Алкалоид Конс, Делта Спорт, Мастербет, Охридска банка, Министерство за правда, Дојран Стил, Киро Дандаро, Алајанс Уан, Стопанска банка, Брико Македонија, Кинг Ицт., Паком, Езпада, Ассеко Сее, Рамстор, Орбико, Експорт Пацкерс, Агенција за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој, Нетцетера, Балфин, Штедилница Фулм, Дајрект Медиа.

**.е) Изјава за независност во работење на друштвото за ревизија со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и дека истите се спроведени;**

Дилоит ДОО Скопје изјавува дека постојат интерни постапки за проверка на независноста и истите се спроведуваат преку годишна проверка на усогласеноста и изјава за независноста од сите вработени во Друштвото Дилоит ДОО Скопје и изјави за независност на ниво на ангажирани членови на тимот.

1. Секој вработен е должен еднаш годишно да пополни Изјава за независност во која се опфатени сите ризици што може да ја доведат во прашање независноста на ревизорот;
2. За секој поединечен ангажман се прави проверка преку интерните процедури за независноста на ревизорот;

**ж) Изјава за контунуирано професионално образование што ја следи Друштвото за ревизија;**

Дилоит ДОО Скопје изјавува дека ја следи глобалната политика на Дилоит за континуирано професионално образование на овластените ревизори преку нивно учество на тренинзи, електронска обука преку интранет страната на Дилоит и соодветен мониторинг за комплетирање на минимум број на часови обука и обезбедување на финансиска поддршка за полагање на ACCA, CPA и националниот испит за овластен ревизор. Во текот на 2013 година, овластените ревизори посетуваа обука од најмалку 40 часа годишно во рамките на континуирано професионално образование во областа на сметководството и ревизијата организирана од страна на Институтот на овластени ревизори на Р.Македонија.

**з) Финансиска информација за вкупниот приход остварен од ревизијата и други надоместоци, расчленет на четири категории: од услуги на ревизија на годишни и консолидирани сметки и уверување, даночни советодавни услуги и други неревизорски услуги**

| | |
|---|---|
| Приходи од ревизорски услуги и уверување во квалитет | 28.514.389 МКД |
| Приходи од неревизорски услуги | 10.842.284 МКД |
| Приходи од даночни консултантски услуги | 4.900.482 МКД |
| Interfirm услуги | 6.568.574 МКД |
| **Вкупни приходи за 2013 година** | **50.825.729 МКД** |

**ѕ) Информација за основата по која се утврдува хонорарот на овластениот ревизор**

Надоместот се утврдува врз основа на планираните часови на ангажманот и нивото на членовите на тимот кои работат на секој ревизорски ангажман.

Управител,

Лидија Нануш